Improving Energy Management

**Improving Energy Management at Macedonian Industry – IEM@MI**

**Подобрување на енергетскиот менаџмент во македонската индустрија**

*This project is financially supported by The Royal Norwegian Embassy in Belgrade*

*Проектот е финансиски подржан од Норвешка Амбасада во Белград*

NORWEGIAN EMBASSY

Почитувани,

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме на Семинарот за енергетски менаџмент во индустрија, кој ќе се одржи на **13ти Март 2014 година**, во Стопанска Комора на Македонија.

Семинарот се организира во рамките на Проектот ***„Подобрување на енергетскиот менаџмент во македонската индустрија“***, имплементиран од Центар за климатски промени, Агенција за енергетика на Република Македонија, Стопанска Комора на Македонија и Машински факултет Скопје.

Целта на семинарот е да обезбеди основа за имплементирање на мерки за заштеда на енергија во производствените процеси во компаниите од македонската индустрија, што ќе допринесе до намалување на оперативните трошоци и зголемена конкурентност на македонските компании. Семинарот ќе опфати теми поврзани со спроведување на енергетска проверка, идентификување и имплементација на мерки за заштеда на енергија во различни индустриски системи, како и насоки за имплементација на Системот за управување со енергија.

На семинарот може да присуствуваат сите фирми од македонската прехрамбена индустрија, и за присуството не се наплатува никаков надомест.

Со цел подобра организација на настанот Ве молиме Вашето присуство да го најавите најдоцна до 5ти март 2014 година, на следната е-маил адреса: centarzaklimatskipromeni@yahoo.com

Со надеж дека ќе ја прифатите нашата покана, останувам со почит,

**Фана Христовска**

Претседател

Центар за климатски промени-Скопје

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ СКОПЈЕ

**Implemented by:**
**Имплементиран од:**

Центар за климатски промени - Скопје

**Supported by:**

Агенција за енергетика на Република Македонија

Машински факултет Скопје

Стопанска Комора на Македонија

**Подржан од:**